MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1991/0

Бр. 12-2316/10
03.05.2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно со член 33, член 22 став (1) и став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 32 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, а во врска со член 74 став (1) и (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18,99/18, 140/18, 208/18 и 27/19) на дванаесеттата седница одржана на ден 03.05.2019 година, во присуство на овластен претставник на општина Шуто Оризари, Скопје – лицето Данчо Арсов, со овластување бр. 09-596/3 од 02.05.2019 година издадено од градоначалникот на општина Шуто Оризари и во присуство на овластен претставник на подносителот на приговорот, полномошник адвокат Благој Денковски од Скопје со уредно полномошно бр. 02-442/1 од 03.05.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1) Сомневањата за прекршување на одредбата од членот од 8-б од Изборниот законик и на одредбите од членовите 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се неосновани.

2) Приговорот поднесен од организаторот/учесник на изборна кампања - ВМРО-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО - Скопје, кај Државната комисија за спречување на корупцијата заведен под архивски број 12 – 2316/1 од 30.04.2019 година, против Градоначалникот на општина Шуто Оризари, Скопје, за прекршување на одредбата од членот 8-б од Изборниот законик и на одредбите од членот 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, сторено со злоупотреба на имот во сопственост на единицата на локална самоуправа - Шуто Оризари, користење на канцелариски простор во општинската зграда, во период на изборната кампања за изборите за претседател на Република Северна Македонија и за предвремените избори за градоначалник на општина Охрид, градоначалник на општина Ново Село и градоначалник на општина Дебар, СЕ ОДБИВА.

4) Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

5) Одлуката донесена во врска со постапувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата по овој поднесен приговор ќе се објави на нејзината веб страница во рок од 24 часа, а истата ќе се достави до подносителот на приговорот и до лицето / јавната институција против кое/која е поднесен приговорот – Градоначалникот на општина Шуто Оризари, Скопје.

6) Предметот број 12-2316 од 2019 година се затвора и се архивира.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 05.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставен Приговор заведен со архивски број 12 2316/1 од 05.04.2019 година за прекршување на членот 8-б од Изборниот законик и членот 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од овластен подносител Генерален секретар Игор Јанушев, ВМРО-ДПМНЕ, (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство) со седиште на Плоштад ВМРО бр.1, општина Центар, Скопје.

Во Приговорот се содржани наводи за злоупотреба на имот во сопственост на единицата на локална самоуправа - Шуто Оризари поради користење на просториите на споменатата општина на ден 03 Април 2019 година за одржување прес конференција за поддршка на кандидатот за Претседател на државата од СДСМ и коалицијата – Стево Пендаровски.

Државната комисија за спречување на корупцијата во законски предвидениот рок постапи по поднесениот приговор и со оглед на тоа што не беа обезбедени бараните информации на својата осма седница одржана на ден 10.04.2019 година, донесе Одлука да ДКСК ПРОДОЛЖИ со испитувањето на наводите од приговорот заради прибирање на информации од надлежни институции неопходни за утврдување на фактичката состојба.

На ден 23.04.2019 година, добиено е известување од Општина Шуто Оризари, во кое е доставена комплетна информација и документација во однос на барањето на ДКСК за тоа дали објектот во кој се одржала прес конференцијата е во сопственост на општината и тоа: тековна состојба за субјектот, имотен лист за објектот, пописна листа за градежни објекти на Општината, решение за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од РМ на Општина Шуто Оризари врз основа на делбен биланс од 2000 година.

По проучување на целокупната документација во врска со предметниот приговор, утврдена е следната фактичка состојба:

- Просторијата(канцеларискиот простор) - предмет на наводите во поднесениот приговор, не била во сопственост на Општина Шуто Оризари.

Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата на јавната седница одржана на ден 03.05.2019 година, констатира дека не постои повреда на член 8-б од Изборниот законик и член 36 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, наводите од приговорот не се потврдуваат - сомневањата за прекршување на одредбата од членот од 8-б од Изборниот законик и на одредбите од членовите 36 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се неосновани, приговорот се одбива, а предметот да се затвори и да се архивира .

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Правна поука:

Против Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на приговорот и лицето/јавната институција против кое/која е поднесен приговорот има право на тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на Одлуката.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот
- Општина Шуто Оризари


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk